## ПРЕПОРАКА

### Сигурен партнер кој вистински го разбира брендот BioGaia

**Барајќи да ја прошириме достапноста на нашите пробиотски производи, го започнавме нашето партнерство со Евофарма пред повеќе од една декада, во 2007. По успешните лансирања во неколку земји нашата соработка се зголеми и вклучува регистрација, дистрибуција, продажба и маркетинг на производите BioGaia во 15 држави во Централна и Источна Европа.**

**Во текот на годините имавме бенефит не само од долгогодишното искуство на Евофарма на овие пазари, туку и од нивната стручност во обаста на медицинскиот и потрошувачкиот маркетинг. Нивното вистинско разбирање за нашите производи и BioGaia како бренд ги направи еден од нашите топ три партнери на глобално ниво.**

**Ја цениме Евофарма како високо професионален партнер на кој може целосно да му веруваме. Ние, секако ќе ги препорачаме на секоја организација која бара да го искористи потенцијалот на овие растечки пазари (само не им кажувајте на нашите конкуренти).**

Како иновативна здравствена компанија основана во Шведска, BioGaia е светски лидер во пробиотици скоро 30 години. Нашите производи имаат за цел да ја подобрат целокупната благосостојба на потошувачите промовирајќи оптимално дигестивно здравје. Затоа, целта на BioGaia е да биде достапна секаде каде што потрошувачите имаат потреба од пробиотици. Имајќи го ова во предвид ја започнавме соработката со Евофарма во 2007. Оттогаш се раширивме во преку 100 земји, од кои 15 се благодарение на нашата соработка со Евофарма – една од нашите три најдобри партнери за продажба и дистрибуција.

Со оглед дека нашите основни производи се наменети да ги олеснат коликите кај бебињата, многу од нашите потрошувачи се загрижени родители и нивните бебиња. Како резултат на тоа, првиот контакт со BioGaia е често преку лекар, каде родителите бараат помош. Благодарение на широката локална мрежа на Евофарма и нејзините тимови за продажба со висока медицинска стручност тие успешно можат да ги продаваат производите на BioGaia на здравствените професионалци во Централна и Источна Европа. По овој првичен контакт родителите се чувствуваат сигурни да му дадат на своето бебе BioGaia капки и да купат повторно. Во овој момент маркетингот за потрошувачите е клучен за растот бидејќи ја одржува почетната поврзаност со брендот и неговото градење во времето. Експертите за маркетинг во седиштето на Евофарма во Швајцарија и регионот навистина го разбираат брендот BioGaia. Тоа ни овозможи да го искористиме секој on-line и off-line медиум – вклучувајќи ги и потрошувачите и зголемувајќи ја продажбата. Стручноста на некои партнери се наоѓа во едно од овие две подрачја, но Евофарма ги може и двете – медицински маркетинг и маркетинг за потрошувачите – што е основа за успех во регионот.
Ние ја гледаме Евофарма како сигурен партнер – се чувствуваме сигурни знаејќи дека двете страни делат исти интереси и се усогласени во нивните постапки. Освен тоа, да се има една точка за контакт со толку фантастично достигнување ни заштедува време и ни дава спокој. Исто така го цениме и долгорочниот поглед на Евофарма. Благодарение на нивното долгогодишно искуство во регионот, тие реагираат на краткорочни промени прагматично, без да станат вознемирени или да ги загубат долгорочите цели. Овој висок степен на професионализам е клучен за нашето партнерство бидејќи можеме да се потпреме на Евофарма да дејствува во согласнот со договорените цели во целосна доверба.

Во BioGaia со нетрпение очекуваме ширење во регионот заедно со Евофама и сме убедени дека тие ќе останат еден од нашите врвни партнери што напредуваат.